Арх. знак
Рок на чување
20 год.
Потпис

IСТ-121/20
IСТ-138/20

**ОСНОВНИОТ ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**, преку стечајниот судија Ирена Петрушевска, постапувајќи во отворената стечајна постапка над стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги ММ Инвестмент ДОО Скопје - во стечај, по одржаното рочиште за расправање и гласање по предложениот План за реорганизација од 09.07.2021 г., во присуство на стечајниот управник Симон Михајлоски и за доверителите Секјурити Груп Сервисес - полн. адвокат Александар Димитриевски, за РСМ МФ Царинска управа - Магдалена Димовска со генерално полномошно за застапување од ДП на РСМ, за Зегин ДОО и за Благоја Механџиски - полн. адвокат Горан Нациќ, за адв. Горан Нациќ лично и Таскова Ленка лично, на ден 02.09.2021 година го донесе следното:

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
Регионална Регистрациона канцеларија Скопје
ПРИМЕНО 1 ПРИМЕНО
Орг един ... Прилог: Вредност:
08 ... / 1239

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК
ОВОЈ ДОКУМЕНТ Е ВО ФУНКЦИЈА НА ИНФОРМАТИВНА ЦЕЛ И НЕ ПРОИЗВЕДУВА ПРАВНА ДЕЈНОСТ

# Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ КОНСТАТИРА** дека на рочиштето за расправање и гласање по Планот за реорганизација од 09.07.2021 г. поднесен од стечајниот управник Симон Михајлоски до Основниот граѓански суд Скопје во стечајната постапка над стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги ММ Инвестмент ДОО Скопје - во стечај, доверителите кои имаат утврдени побарувања во висина од 98,63% од вкупно утврдените побарувања на доверителите со право на глас **го прифатија** предложениот План за реорганизација од 09.07.2021 година.

**СЕ ОДОБРУВА** прифатениот План за реорганизација од 09.07.2021 г. поднесен од стечајниот управник Симон Михајлоски до Основниот граѓански суд Скопје во стечајната постапка над стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги ММ Инвестмент ДОО Скопје - во стечај.

Планот за реорганизација од 09.07.2021 г. поднесен од стечајниот управник Симон Михајлоски е составен дел на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Пред Основниот граѓански суд Скопје отворена е стечајна постапка над стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги ММ Инвестмент ДОО Скопје - во стечај

По одржаното испитно рочиште донесено е решение со кое се утврдени побарувањата на доверителите, а врз основ на доставена табела шема на утврдени и оспорени побарувања.

На извештајното собрание одржано на 26.04.2021 година од страна на доверителите донесена е одлука за деловниот потфат на

стечајниот должник привремено да продолжи преку изготвување на план за реорганизација и го задолжи стечајниот управник Симон Михајлоски во рок од 45 дена да изготви план за реорганизација на должникот Друштво за производство, трговија и услуги ММ Инвестмент ДОО Скопје - во стечај.

Постапувајќи врз основ на одлуката донесена на Собранието на доверители, стечајниот управник до судот достави План за реорганизација од 09.07.2021 година .

Судот, постапувајќи по поднесениот План за реорганизација го има депонирано во стечајното досие за увид на заинтересираните страни.

Судот закажа Собрание за расправа и за гласање по предложениот План за реорганизација од 09.07.2021 г. согласно чл.228 од Законот за стечај на кое Собрание стечајниот управник наведе дека на ден 7.7.2021 г. се одржа Четврта седница на Одборот на доверители на стечајниот должник со дневен ред извештај за текот на стечајната постапка, односно гласање по изготвен План за реорганизација. Согласно Планот за реорганизација се предвидува реорганизаторот Зегин ДОО Скопје да ги намири доверителите во висина од 100% од утврдените побарувања и трошоците за стечајната постапката, како и обврските за стечајната постапка. Одлука на Одбор на доверители беше дека главно се прифаќа реорганизација на стечајниот должник. Сите доверители се запознати со содржината на планот за реорганизација и истите немаат забелешки. Во врска со произнесувањето по Планот за реорганизација од страна на МФ Царинска управа на ден 16.08.2021 г. имам доставено поднесок со произнесување кое го изложува на денешното Собрание, а воедно доставува и примерок на претставникот на Царинска управа.

Согласно чл. 228 ст.1 од Законот за стечај, стечајниот судија ќе свика собрание на доверителите за расправа и за гласање по предложениот план за реорганизација, ст2, собранието за расправа и за гласање по планот за реорганизација ќе се одржи во рок кој не е пократок од 21 ден, но не подолг од 30 дена од денот на свикување на собранието на доверители.

Согласно чл.217 од Законот за стечај, планот за реорганизација содржи подготвителен (декларативен) и спроведбен дел.

Согласно чл. 219 ст.1 од Законот за стечај, планот за реорганизација ги содржи (спроведбен дел): мерките и средствата за реализација на планот, како и детален опис на мерките кои е потребно да се преземат и начинот на кој ќе се спроведе реорганизацијата.

Судот, по одржаното рочиште одлучи како во изреката на решението од следните причини:

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК